Врз основа на член 42 став 1 алинеја 1 од Деловникот за работа на Собранието на Карате федерацијата на Република Северна Македонија, Претседателот на Федерацијата на седницата одржана на ден 11.02.2023 година, ја донесе следната

О Д Л У К А

1. На претседателите членови на Собранието од карате клубовите КК Арена-Струга, КК Астибо-Штип, КК Будо-Струга, КК Бучим Феникс-Радовиш, КК Ерол 2007-Лабуништа, КК Мак Вадо Центар-Скопје, КК Теута Куманово, КК Ускана Кичево и КК Центар Скопје, им се изрекува казнена мерка јавна опомена заради тоа што не го најавиле своето отсуство на редовната седница на Собранието.

2. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

3. Одлуката да се објави на ВЕБ страната на КФРСМ и да се достави до членовите на Собранието од карате клубовите од точка 1 од оваа одлука.

4. Одлуката се темели на примена на одредбите од член 12 став 1 и 2 од Деловникот за работа на Собранието на Карате федерацијата на Република Северна Македонија.

Претседател на КФРСМ
Петар Белистојаноски